ЛЕКЦИЈА 12

# НАОЃАЊЕ ДОВЕРЛИВИ ИЗВОРИ

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење обезбедува информации за сигурни и несигурни извори на информации и дава примери за двата вида информации. Се дискутира за неверодостојноста и корисноста на Википедија, илустрирајќи ја со записот на Никола Тесла, а потоа продолжува да демонстрира пребарување за веродостојни информации преку Google books, Напредно пребарување на книги на Google, Google Scholar, Academia.edu и ResearchGate.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Веродостојни и неверодостојни извори Google Books, Google Scholar, Academia.edu, Advanced google book search, ResearchGate*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Лекција за пронаоѓање на доверливи извори од mediactiveyouth.net*
- *Википедија статии за Никола Тесла на Српски, Хрватски и Англиски*
- *Academia.edu, Google Scholar и ResearchGate*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на овој час е учесниците да разберат дека постојат сигурни и несигурни извори на информации, да внимаваат на изворот на информации што ги добиваат и да се запознаат со некои веродостојни извори на информации и како да ги користат.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците ќе научат за доверливи и недоверливи извори на информации, ќе се запознаат и ќе научат да користат ефективно и правилно доверливи ресурси на информации како на пример: Google scholar, Advanced google search, Википедија, Academia.edu and ResearchGate.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање** - Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на оваа тема. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, подготвува PowerPoint/Prezi презентација и Canvas app; различни наставни методи: предавање, дискусија, групна работа, саморефлексија.

**5-15 минути: Заедничко учење** – првите 10 минути учесниците разговараат за доверливи и недоверливи извори на информации. Едукаторот објаснува како на пример Википедија треба да се користи претпазливо. Потоа, тој/таа го илустрира ова преку покажување на примерот на статија за Никола Тесла на српски, хрватски и англиски, како всушност секоја статија инсистира дека неговата националност е србин, хрват, односно американец.

**15-55 минути: Користење на веб-ресурси како материјал за учење** – Едукаторот воведува доверливи извори на информации и демонстрира како тие се користат – Google Scholar, Напредно пребарување на книги на Google, Academia.edu, ResearchGate. За секоја од овие, најдобро е да се избере општа тема, да речеме Младински активизам или слично, и да се покаже како тие можат ефективно да се користат за пребарување на веродостојни и квалитетни информации, како да се идентификуваат најдобрите книги и натписи на темата, дури и како да се контактира со академици и автори за одредена тема.

Додека ја презентирате содржината, погрижете се да комуницирате со слушателите и да ги поттикнете на активно учество.

**55-60 Заклучок:** Направете кратко резиме на лекцијата и поставете неколку прашања кои помагаат во поентирање на најважните пораки што би сакале да ги дадете.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/десктоп, интернет конекција, Moodle/Kahoot.

PowerPoint/Prezi презентација која е збогатена со визуелни материјали (слики и видео клипови) и фактички информации базирани на истражување, апликација за примање и прикажување заеднички информации/одговори.